**УНИ*Банка***

Универзална Инвестициона Банка

Ул: Максим Горки бр.6 Скопје тел.: ++389 02 32 10 910 ; 32 10 911 ; 32 10 912 факс: 32 10 950

D O G O V O R

za sorabotka vo berzanskata trgovija so hartii od vrednost

Broj na dogovor:__________/_______ Sklu~en na___________godina pome|u

1. УНИ БАНКА АД Скопје, ovlastena za trguvawe na Makedonska Berza AD Skopje (vo ponatamo{not tekst 'Banka') i
2. ________________________________________(vo natamo{niot tekst 'Klient')

(ime prezime na klientot)

________________________________________

(adresa na klientot)

Член 1

Предмет на овој договор е уредување на меѓусебните односи на права и обврски помеѓу Банката, како берзански посредник во трговијата со хартии од вредност, од една страна, и Клиентот, како корисник на услугите на Банката, од друга страна.

Член 2

Банката, согласно член 94 од Законот за хартии од вредност, може да ги извршува следните услуги со хартии од вредност:
а) купување и продавање на хартии од вредност по налог и за сметка на клиентот;
б) купување и продавање на хартии од вредност во свое име и за своја сметка;
в) управување со портфолио на хартии од вредност по налог и за сметка на индивидуален клиент;
г) вршење на трансакциите и активностите за сметка на издавачот на хартиите од вредност потребни за успешна јавна понуда на хартии од вреденост, без задолжителен откуп на непродадените хартии од вредност;
д) вршење на трансакциите и активностите за сметка на издавачот на хартиите од вредност потребни за успешна јавна понуда на хартии од вреденост, со задолжителен откуп на непродадените хартии од вредност;
ѓ) дејствување како покровител при котација;
е) извршување на трансакции и активности за сметка на трети лица потребни за преземање на едно акционерско друштво во согласност со Законот за преземање на акционерски друштва.

Член 3

Банката посредува во трговијата со акции, обврзници и други хартии од вредност кои ги поседува Клиентот на своите сметки во ЦДХВ или во Регистар за Обврзници, со кои се тргува на Берзата, за што Клиентот пополнува соодветни налози. Налозите од став 1 стануваат составен дел од овој договор.

Член 4

Составен дел на овој Договор се и општите услови за работење со хартии од вредност. Со потпишувањето на овој Договор, клиентот изјавува дека претходно е запознат со општите услови за работење и со содржината на овој Договор, како и дека примил примерок од општите услови за работење, согласно член 126 од Законот за хартии од вредност.

Член 5

Банката ги прима налозите во своите регистрирани деловни простории, од каде што може да се изврши реализација на истите.
Банката може да прима налози за тргување од клиенти и во други свои деловни простории од каде што не се врши реализација на налозите во БЕСТ системот, односно може да прима налози преку други правни лица, кои во име и за сметка на Банката примаат налози од клиенти, исклучиво по писмен пат и доколку клиентот лично дојде во таа деловна просторија или кај тоа правно лице.
Доколку Банката ги прими налозите вон своите регистрирани деловни простории, од каде што не може да се изврши реализација на налозите, најдоцна во рок од 5 работни дена, налогот и останатите документи мора да бидат доставени до регистрираната деловна просторија од каде што се врши реализација на налозите.
Налогот на клиентот се смета за прифатен, кога истиот ќе биде примен во регистрираната деловна просторија на Банката од каде што се врши реализација на истиот, како и кога се исполнети другите услови предвидени во Општите услови за работење со хартии од вредност на УНИ Банка АД Скопје.
Банката може да прима налози по телефон. Банката, по своја проценка, може да одбие примање на телефонски налог. Во случај на примање на налози преку телефон, Банката во најкус можен рок ги документира истите. Банката задолжително ги снима разговорите поврзани со телефонските налози или ја одбива реализацијата на телефонските налози

Член 6

Договорот и налозите се евидентираат во Регистарот на клиенти и Книгата на налози.
По евидентирањето на налозите, истите во најкраток можен временски период се внесуваат во системот за тргување.
Банката ги реализира внесените налози во согласност со видот на налогот, условите наведени во истиот и од моменталната состојба на пазарот, а согласно важечкиот модел на континуирано наддавање и употреба на компјутерско усогласување на цените.

Член 7

Со потпишување на Налогот за купување, Клиентот истовремено изјавува дека е запознаен со сите елементи на истиот, на сите видови на налози и инструкциите што произлегуваат од истите, во согласност со Процедурите за тргување на Македонската Берза.
Исто така, Купувачот изјавува дека е запознаен со целокупната законска регулатива во врска со тргувањето и работата со хартиите од вредност, а особено со Законот за хартии од вредност, Законот за преземање на акционерски друштва, со специфичностите наведени во Законот за банки, а кои треба да бидат испочитувани и исполнети за да одредено лице може да купува акции и стане акционер во банка, и други подзаконски акти.
Во трансакциите за купување на хартии од вредност Клиентот е должен средствата, односно обврските по главен долг и трошоците по секоја трансакција пооделно однапред да ги депонира во Банката, на посебно издвоена клиентска сметка - сметка за

порамнување 100-0000700240-54 во НБРМ и исклучиво за таа намена.
Висината на средствата кои треба да се депонираат се определува според познатите елементи на пооделни трансакции.
Банката, во исклучителни случаи може да определи и други рокови за депонирање на средствата, но најдоцна еден ден пред денот на порамнувањето.
По завршување на трансакцијата, во случај на помалку уплатени средства, Клиентот е должен разликата до полниот износ да ја уплати веднаш по известувањето од страна на Банката, но најдоцна еден ден пред денот на порамнувањето.

Член 8

Во трансакциите за продавање на хартии од вредност, Клиентот е должен однапред да овозможи хартиите од вредност да бидат под контрола на Банката, со давање на соодветно Полномошто на Банката, при што потпишува соодветен образец пропишан од ЦДХВ, и да изјави дека хартиите од вредност се ослободени од секаков залог и товар, а во случај да се докаже спротивното да одговара согласно предвидените законски прописи. Спомнатата изјава Клиентот ја дава автоматски со потпишување на овој Договор. Со потпишување на Налогот за продавање, Клиентот истовремено изјавува дека е запознаен со сите елементи на истиот, со сите видови на налози и инструкциите што произлегуваат од истите, во согласност со Процедурите на Македонската берза.
Со реализирање на трансакцијата Клиентот е согласен, Банката, од реализираниот износ, да ги наплати берзанската провизија, провизија за ЦДХВ, брокерскиот надоместок, како и евентуално други трошоци во согласност со соодветно важечките тарифи.

Член 9

Доколку се случи Клиентот да не ги изврши своите обврски по членовите 7 и 8 од овој Договор, од било кои причини и обврската на Клиентот од трансакцијата ја измири Банката, Банката ќе пресмета затезна камата, според законските прописи, сметајќи од денот на настанување на обврската на Клиентот кон Банката, па се до денот на измирување на долгот.
Доколку Клиентот има средства во Банката по друг основ или хартии од вредност што се наоѓаат во владение на Банката, Банката има право да изврши наплата на своите побарувања и од тие средства, односно од продажба на хартиите од вредност.
Доколку пак Клиентот нема средства во Банката по друг основ или нема хартии од вредност што се наоѓаат во владение на Банката на денот на порамнувањето, Банката врз основа на овој Договор, има право да изврши резервација на купените а неплатени хартии од вредност на денот на порамнувањето.
Доколку Клиентот во рок од три работни дена по денот на порамнувањето не си ги подмири своите обврски кон Банката, Банката има право да ги продаде претходно резервираните хартии од вредност и на тој начин да си ги подмири своите побарувања.

Член 10

Банката ќе дава стручни совети врз основа на анализи и проценки во согласност со Правилата на Македонската берза за хартии од вредност А.Д. Скопје и може да препорача само инвестиции за оние хартии од вредност кои се котирани на официјалните пазари на Берзата, за кои објективно оценила дека ќе му одговараат и ќе го штитат интересот на Клиентот.
Во врска со инвестициите на Клиентот, а во случај на потреба, Банката ќе контактира со Клиентот заради добивање на дополнителни инструкции и заеднички усогласувања, што треба да овозможи поголема ефикасност на услугите.
Банката ќе ги почитува сите инструкции на Клиентот во однос на времето за контакт со него.

Член 11

Банката се обврзува без одлагање, а најдоцна следниот работен ден по денот на тргувањето да изготви Извештај за Клиентот за реализираните налози за купување или продавање на хартии од вредност, назначувајќи ги постигнатите услови во поглед на количината и цената на хартиите од вредност, и во рок од два дена од денот на порамнувањето истиот да му го достави на Клиентот, освен во случај ако Клиентот се изјаснил дека извештајот не сака да му се достави.

Член 12

Клиентот е согласен за извршените услуги да плати надоместок согласно Одлуката за тарифата на надоместоци за услугите што ги врши УНИ Банка АД Скопје, берзанска провизија согласно Тарифникот за висината на надоместоците на Македонската берза АД Скопје, провизија на ЦДХВ во согласност со тарифникот на ЦДХВ, како и евентуално други трошоци во согласност со соодветно важечките тарифи.
Трошоците за берзанските трансакции паѓаат на товар на Клиентот. Доколку Клиентот не ги измири своите обврски по основ на надоместоци во договорениот рок, Банката ќе пресметува затезна камата согласно законските прописи.

Член 13

Хартиите од вредност што Клиентот ќе ги купи преку Банката ќе се регистрираат на негово име, освен ако за тоа не се добијат поинакви инструкции.

Член 14

Секоја од страните на овој Договор има право да предложи измени. За секоја измена на Договорот ќе се склучи Анекс-договор помеѓу двете договорни страни.

Член 15

Секоја од договорните страни може да го раскине Договорот, под услов за тоа писмено да ја извести другата страна најмалку 10 работни дена пред денот на раскинување на Договорот.
Раскинување на Договорот нема дејство врз правата и обврските на страната што го раскинува Договорот а кои настанале пред неговото раскинување.
При раскинување на Договорот по налог на клиентот, клиентот е согласен да плати надоместок за направени трошоци за раскинување на Договорот согласно тарифата на Банката.

Член 16

За сите спорови по овој Договор надлежен е судот во Скопје.

Член 17

Овој Договор е изготвен во 2 (два) истоветни примероци од кои по 1 (еден) за секоја од договорените страни.

______________________________
(ime na klientot)

Zа УНИ БАНКА АД Скопје

______________________________
(potpis)

______________________________